Друштво за трговија и услуги
увоз-извоз ДООЕЛ ЕУРО-ФАРМ
Бр. 22/0331
31.01 20 23 год.
Битола

Јавна здравствена установа
Institucioni shëndetit Publik
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
KLINIKA UNIVERSITARE
E NEUROLOGJISË
Бр.-Nr. 0309-147/1
30.01 /20 23
Skopje/Shkup

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

**Склучен помеѓу следните**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје**, со седиште на Ул. Водњанска број 17, 1000 Скопје, РСМ
застапуван(о) од медицински директор доц.д-р Иван Барбов и организациски директор д-р Аљајдин Хавзиу (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна,

и **Друштво за трговија и услуги ЕУРО – ФАРМ увоз – извоз ДООЕЛ Битола**, ул. Антон Попов, бр. 5, 1000 Скопје, РСМ
застапуван(о) од м-р спец. дипл. фарм. Татјана Стерјева
(во понатамошниот текст Носител на набавката Добавувач) од друга
страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Предмет на овој договор е јавна набавка на **Биолошка активна терапија, молекуларна таргет терапија и моноклонални антитела за потребите на ЈЗУ во РСМ.**

Член 1

Овој договор се склучува врз основа на спроведената постапка за јавна **Биолошка активна терапија, молекуларна таргет терапија и моноклонални антитела за потребите на ЈЗУ во РСМ** од страна на Министерството за здравство на РСМ врз основа на Одлука за потреба од спроведување на постапка за склучување на повеќегодишна рамковна спогодба за јавна набавка на стоки бр.20-2604/2 од 23.03.2021 година, спроведена постапка со објавување на оглас бр.04878/2021 од 24.03.2021 година и Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на дел од постапката бр. 20-2604/35 од 06.07.2021 година.

Член 2

Добавувачот според спецификацијата на отворената постапка за доделување на договор за јавна набавка на ЛЕКОВИ за годишни потреби на набавувачот треба да му го испорача следното:

| ДЕЛОВИ | АТЦ Код | Генеричко име-INN | Фармацевтска форма | Јачина | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Вкупно ДДВ - 5% | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дел 40** | L04AA23 | Natalizumab | концентрат за раствор за инфузија | 300 mg/15 ml | вијала | **140** | 56.413,43 | 7.897.880,20 | 394.894,01 | 8.292.774,21 |
| | | | | | | | | **7.897.880,20** | **394.894,01** | **8.292.774,21** |

Член 3

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната вредност на договорот е без 5% ДДВ 7.897.880,20 односно со 5% ДДВ 8.292.774,21 ден.

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ

Член 5

Во текот на периодот на важноста на договорот, набавувачот е должен да го извести добавувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот, набавувачот е должен без одлагање да го извести добавувачот за зголемување на ризикот од навремено плаќање на фактурите.

Член 6

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните страни) обврските од оваа спогодба се пренесуваат на новиот субјект се до истекот на времето за кој е склучена.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Договорот важи на определено време за период од 1 година од денот на склучувањето на договорот.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Добавувачот, квалитетното извршување на договорот ќе го обезбеди со банкарска гаранција во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ во рок не подолг од 10 (десет) дена од денот на потпишување на договорот.
Гаранцијата за квалитетно извршување на поединечниот договор се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

Член 9

Добавувачот е должен да ги достави бараните количини во рок од 05 дена од приемот на писменото барање од набавувачот.
Добавувачот се обврзува дека ќе располага со минимум една дополнителна месечна количина (за една дополнителна месечна количина се смета една дваесет – четвртина (1/24) од количината барана во тендерската спецификација и истата количина е на товар на добавувачот.
Набавувачот не е обврзан да ги искористи сите планирани количини од предметната набавка за кои се врши испорака по добиена писмена нарачка.
Добавувачот е должен при приемот на предметот на набавка, да обезбеди рокот на траење да не биде пократок од минимум 9 месеци од вкупниот рок на употреба на лекот.

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Набавувачот се обврзува плаќањето на добавувачот да го врши 60 дена по доставена фактура, и испратнина за извршените набавки.

## IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара дополнителни 10 дена за исполнување на обврската да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

## X. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 12

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 13

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Измени и дополни на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс – договор само во согласност со Рамковната спогодба и со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 15

Овој договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за набавувачот и 2 (два) за добавувачот.

| ДОБАВУВАЧ | НАБАВУВАЧ |
|---|---|
| **Еуро - фарм ДООЕЛ Битола** | **ЈЗУ УК за неврологија - Скопје** |
| **М-р спец.дипл. фарм** | **Медицински директор** |
| **Татјана Стерјева** | **Доц. д-р Иван Барбов** |
| ___________________ | ___________________ |
| | **Organizaciski direktor** |
| | **d-r Alajdin Havziu** |
| | ___________________ |